Дел. бр. 01 – 123/1
25.06.2026 год.
с.Тополчани - Прилеп



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ„КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ“ - ТОПОЛЧАНИ, ПРИЛЕП ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Директор: Дејан Бунтески
e-mail: krumevolnaroski@yahoo.com

јуни, 2026 година

Врз основа на член 108, став 1, алинеа 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 и измените и дополнувањата на Законот за основно образование Службен весник на РСМ, бр 229/20 од 23.09.2020 година) Училишниот одбор при ООУ „Круме Волнароски" – Тополчани, Прилеп, на седницата одржана на 01.07.2026 година го разгледа и даде предлог до Советот на Општина Прилеп за усвојување на:

Годишен извештај за работата на училиштето

во учебната 2025/2026 година

1.Вовед

Годишниот извештај е изработен врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Закон за работни односи;
- Закон за јавни набавки;
- Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони;
- Под-законски и интерни акти;
- Наставниот план и наставните програми за воспитно-образовната работа во основното училиште;
- Концепција за деветгодишно основно образование;
- Статут на училиштето;
- Самоевалвација на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната година;

Извештајот за работата на ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, Прилеп за учебната 2025/2026 година е изготвен врз основа на горенаведените значајни документи и анекс-програмите кои се составен дел од Годишната програма за работа на училиштето, како и врз основа на извештаите, препораките и укажувањата од страна на советниците од Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Советот на родители и Училишниот одбор.

Цел на извештајот е да се прикаже фактичката состојба во училиштето, организација и реализација на дејноста, прикажано во анализи, констатации и оценки на условите во кои се остварува воспитно-образовната дејност. Со извештајот **се** дава сеопфатен преглед на реализацијата на воспитно-образовната работа во текот на учебната година, условите за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на наставниот процес, реализацијата на наставните и воннаставните активности, грижата за здравјето и благосостојбата на учениците, соработката со родителите и локалната заедница, како и следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа и постигањата, поведението и редовноста на учениците. Преку анализи, констатации и оценки на условите во кои се остварува воспитно-образовната дејност се прикажува фактичката состојба во училиштето, организација и реализација на дејноста. Исто така, со извештајот се согледуваат постигнатите резултати, се утврдуваат силните страни, но и областите за унапредување, како и планирање на идните активности во насока на континуирано подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Појдовна основа за изработка на Годишниот извештај:

- Годишната програма за работа на училиштето;
- Годишната програма за работа на директотот, стручните соработници, раководителот на полно подрачно училиште и стручните органи и тела;
- Статистички прегледи и извештаи;
- Педагошка евиденција и документација

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Училиштето подготвено ја започна учебната 2025/26 година, навремено се изготви Годишната програма за работа со сите прилози, програмата за работа на директорот, стручните соработници и раководителот на полното подрачно училиште. Во училиштето беа преземени мерки за дезинфекција, дезинсекција, дератизација, а исто така, се изврши потребното молерисување и разубавување на училишнот парк. Важните информации за почетокот на учебната година беа објавени на веб-страницата и на официјалната Facebook страна на училиштето.

Набавени се нагледни средства и помагала по наставни предмети, како и дигитални апарати (ТВ-апарати, смарт табли, лаптопи) за реализација на современа настава согласно насоките од Концепцијата за деветтгодишно образование. Наставниците навремено ги доставија своите Годишни глобални планирања од прво до деветто одделение, подготвени во согласност со Новата Концепција за основно образование при што приоритет во оваа учебна 2025/2026 година се даде на изборните предмети во осмо одделение. Наставниците стекнатите знаења и вештини ги применуваа во планирањето и реализацијата на наставниот процес, со што се поттикнуваше активното учење, критичкото размислување, меѓупредметното поврзување и развојот на клучните компетенции кај учениците. Во рамките на стручните активи се реализираа размена на искуства, примери на добра практика и заедничко планирање, што придонесе за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа. За учениците и наставниците е обезбеден бесплатен превоз од Локалната самоуправа и бесплатни учебници од МОН. Ангажиран беше наставен кадар согласно нормативот и Законот за основно образование. Наставниците во тековната година своите знаења и компетенции ги пренесоа врз учениците низ процесот на учење и поучување. Навремено беа структуирани паралелките, формирани стручните активи, комисиите и тимовите, беше изработен распоред за реализација на настава, како и организирање на слободните ученички активности, ученичката заедница-ученички парламент.


Во ООУ Круме Волнароски - Тополчани, во учебната 2025/26 година запишани се и се едуцираат вкупно 102 ученика (од кои 47 машки и 55 женски распоредени во 19 паралелки). Во ЦОУ с. Тополчани работат 5 паралелки на македонски

наставен јазик: 1 паралелка одделенска настава (II и V одд - комбинирана настава) и 4 паралелки / предметна настава (VI, VII, VIII, IX одд.). Во ППУ с.Старо Лагово работат 5 паралелки на македонски наставен јазик и тоа: 1 паралелка / одделенска настава (I, II, III, IV и V одд. - комбинирана настава) и 4 паралелки / предметна настава (VI, VII, VIII, IX одд.). Во останатите подрачни училишта се реализира настава во комбинирани паралелки од I до V одд. на македонски наставен јазик. Секоја година училиштето доставува барање до Локалната самоуправа и МОН за согласност за работа со помал број на ученици. Воспитно-образовната работа во училиштето се одвива во една смена-претпладне. Наставата започнува во 7.45 часот. Времето на наставниот час е 40 минути, неделниот распоред на часовите се одвиваше непречено, а во текот на учебната 2025/2026 год. вкупно се реализирани 180 работни денови, согласно Календарот за работа на основните училишта.

Вкупниот број на ученици кои се едуцираа и го завршија одделението во учебната 2025/2026 табеларно е прикажан на следната табела:

Табела бр.1

	Паралелки	**Вк. ученици**	**Машки**	**Женски**
I одд	0	3	2	1
II одд	0	9	4	5
III одд	5	12	7	5
I - III одд	5	24	13	11
IV одд	1	6	4	2
V одд	5	11	5	6
I - V одд	**11**	**41**	**22**	**19**
VI - одд	2	20	10	10
VII - одд	2	12	3	9
VIII - одд	2	14	4	10
IX - одд	2	15	8	7
VI - IX одд	**8**	**61**	**25**	**36**
I - IX одд	**19**	**102**	**47**	**55**



Мисија на училиштето

Училиште во кое сите ученици ќе постигнат успех, успех кој ќе ги води кон правилен пат во животот. Почитувајќи ги нивните индивидуални способности, интереси и потреби им овозможуваме стекнување на различни знаења и вештини.

Визија на училиштето

Модерно и иновативно училиште на 21 век, отворено кон промени во кое центар на вниманието е ученикот.

Во текот на учебната 2025/26, согласно насоките од БРО, се реализираше Општествено-хуманитарна работа за учениците во седмо одделение. Оваа активност е во согласност со програмските определби за унапредување на воспитната компонента на наставата. Посебен акцент беше ставен на поттикнување на ученичкото учество, развојот на социјалната одговорност, хуманоста, солидарноста, волонтерството и активното граѓанство. Учениците избраа да работат на темата: „Садење растенија и разубавување на училиштето и локалната околина“.

Исто така, се реализираше и „Програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди / самозаштита“ и тоа преку соодветни теми интегрирани во наставните програми, во релевантни наставни предмети и слободни активности вклучувајќи активности за вежбање за заштита и спасување (прилагодени на возраста на учениците), проследени се реални и изводливи планови за практични вежби, симулации и други форми на вклученост на учениците и наставниот кадар. Реализацијата на активностите од оваа програма е од суштинско значење, бидејќи преку прилагодени едукативни методи и интерактивни симулации учениците стекнаа практични знаења и вештини за лична и колективна заштита и се подготвуваа за соодветна реакција при кризни состојби.

Во текот од учебната 2025/2026 година се реализираа и работилници од Програмата за психосоцијална помош и подршка во унапредување на менталното здравје, како и интегрирани содржини од Програмата за професионален и кариерен развој на учениците.

Во текот на првото полугодие, на 03.12.2025 година, во Домот на културата „Марко Цепенков – Прилеп“, се одбележа Меѓународниот Ден на лицата со попреченост. Во одбележувањето на Денот на инклузијата и попреченоста, во богатата културна програма учевствуваа ученици од сите основни училишта при општина Прилеп. Нашите ученици од ППУ с.Старо Лагово, под менторство на наставничката Марија Грижоска, се претставија со рециталот „Дарувај љубов - подади рака“.



Во учебната 2025/2026 година особено значајно беше продлабочувањето и афирмирањето на стекнатите искуства. Освен реализацијата на редовната настава и нејзиното осовременување со современи форми, методи и техники, се реализираа изборни предмети, слободни ученички активности, а акцент се стави и на интегрираната настава. На крајот од првото полугодие, училиштето, во соработка со невладината организација АДРА, обезбеди 60 новогодишни пакети за учениците од прво до петто одделение. Исто така, во соработка со „Бехтел и Енка“ се одржа едукативно предавање на тема: „Здрава животна средина и одржлив развој“ и во таа прилика на сите учениците им беа подарени термоси за вода.





Во текот на второто полугодие се реализираа активности од областа на сообраќајната едукација со учениците од VII до IX одделение. Активностите беа насочени кон подигање на сообраќајната култура и свеста кај учениците за безбедно учество во сообраќајот во улога на: пешаци, велосипедисти и патници. Преку едукативни содржини, разговори, презентации и практични примери, учениците се запознаа со основните сообраќајни правила, значењето на сообраќајните знаци и сигнализација, како и со правилата за безбедно однесување во сообраќајната средина. Реализираните активности придонесоа за развој на одговорност, внимателност, безбедност и самозаштитно однесување кај учениците.

Во текот на месец јуни, во архиолошкиот локалитет „Стибера“, нашето училиште реализираше активности со партнер училиштето „Кирил и Методиј“ од с.Канатларци. Целта на реализацијата беше да се афирмираат постигањата на учениците од редовната и воннаставните активности.









НАСТАВА

Наставата во учебната 2025/2026 година започна на 1 септември 2025 година со вкупно 102 запишани ученици, а заврши на 10 јуни 2026 година, согласно Календарот за организација на воспитно-образовната работа на Министерството за образование и наука, по реализација на 180 наставни денови. На крајот од учебната година, наставата ја заврши 102 ученика.

Во учебната 2025/2026 година воспитно-образовната работа се реализираше во 19 паралелки и тоа 5 паралеки во централното училиште и 14 паралелки во подрачните училишта, од кои 8 паралелки во предметната настава и 11 во одделенската настава. Наставата се изведува на македонски наставен јазик, а од странските јазици се изучуваат англиски јазик од прво до деветто одделение и германски јазик од шесто до деветто одделение.

Воспитно-образовната дејност ја реализираа директорот, раководителот на подрачното училиште, педагогот и социологот. Беа ангажирани 11 наставници во одделенска и 19 во предметната настава. Сите наставници ги исполнуваат законските услови во однос на степенот на образование и стручната подготовка за изведување на воспитно-образовната работа. Училиштето располагаше со потребните просторни, кадровски и материјално-технички услови за непречена реализација на наставниот процес, согласно Годишната програма за работа и наставниот план и наставните програми.

ООУ Круме Волнароски - Тополчани, како основно деветгодишно училиште во согласност со Годишната програма на училиштето во тековната 2025/26 учебна година ги реализираше основните цели и задачи т.е. навремено и целосно реализирање на наставните содржини преку задолжителните предмети, изборните предмети, дополнителната и додатната настава, како и слободните ученички активности. Со реализацијата на наставниот план и наставните програми се овозможи да се остварат образовните и воспитните содржини и активности со учениците. Во наставниот процес учениците на најорганизиран начин се здобиваа со знаења, вештини, умеења и навики.

Слободни изборни предмети кои се изучува во нашето училиште во учебната 2025/26 година:

- ✓ Во првиот воспитно-образовен период (I–III одделение) слободните изборни активности се реализираа во рамките на паралелките, преку работа во мали групи или со целата паралелка, согласно интересите на учениците. Активностите беа насочени кон личен и социјален развој, проектно учење и развивање на основни ИКТ-вештини.
- ✓ Во **IV одделение** во текот на првото полугодие се изучуваше изборниот предмет Ликовно образование - „Цртање/сликање/вајарство“ (категорија - подршка на личниот и социјалниот развој на учениците), а во текот на второто полугодие од учебната 2024/2025 година, се изучуваше изборниот предмет Моделарство, креативни идеи - „Направи сам“ (категорија - изборни предмети за подршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети).
- ✓ Во **V одделение** во текот на првото полугодие се изучуваше изборниот предмет Образование за животни вештини (категорија-подршка на личниот и социјалниот развој на учениците), а во текот на второто полугодие 2025/2026 година, се изучуваше изборниот предмет Фигури од хартија - оригами, хартиени украси (категорија: изборен предмет за подршка на учениците кои не се дел од наставните предмети).
- ✓ Во **VI одделение** во текот на првото полугодие се изучуваше изборниот предмет Заштита на животна средина (категорија - изборни предмети за проширување / продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети - Природни науки), а во текот на второто полугодие од учебната 2025/2026 година се изучуваше изборниот предмет Разрешување на конфликти (категорија - предмети за подршка на личниот и социјалниот развој на учениците). Исто така, на учениците од шесто одделение им беше понудена и листа за избор на втор странски јазик. Од наведените: германски јазик, француски јазик, италијански јазик и руски јазик, учениците избраа како втор странски јазик да го изучуваат германски јазик.
- ✓ Во **VII одделение** во текот на првото полугодие се изучуваше изборниот предмет Извидништво (категорија - изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети), а во второто полугодие

изборниот предмет Учам за моето здравје (категорија - изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците).

- ✓ Во **VIII одделение** се изучуваа изборни предмети по новата концепција и тоа: во првото полугодие изборниот предмет Финансиско образование (категорија - изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, а во второто полугодие изборниот предмет Иновации и претприемништво (категорија - изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните предмети.

Слободните изборни предмети во IV, V, VI ,VII и VIII одделение беа застапени со два часа неделно во текот на едно полугодие. Понудените избони предмети во четврто и петто одделение (одделенска настава), како и во шесто, седмо и осмо одделение (предметна настава) се согласно „Водичот за слободни изборни предмети во основното образование“ (https://www.bro.gov.mk).

За учениците во IX одделение во текот на месец мај 2025 година се спроведе анкета со понудени три предмети за избор на изборни предметни кои ќе се изучуваат во учебната 2025/2026 година. Учениците одлучија да го изучуваат изборниот предмет Проекти од ликовната уметност.

СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Училиштето континуирано го следи професионален развој на наставниот кадар преку посетување на обуки и тоа интерно и екстерно стручно усовршување за примена на активни методи и техники на учење. Наставниот кадар остваруваше стручно усовршување и преку разгледување на стручни прашања на состаноците од Стручните активи и Наставничкиот совет. Наставниците во ова учебна 2025/2026 година навремено изработија личен план за професионален развој кој ќе им овозможи да ги развиваат своите професионални компетенции.

Во текот на учебната 2025/2026 година наставниот кадар континуирано работеше на своето стручно и професионално усовршување преку учество на обуки, семинари, вебинари, работилници и советувања организирани од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и други релевантни институции. Посебен акцент беше ставен на примената на новата Концепција за основно образование, современите методи и стратегии на учење, формативното оценување, инклузивното образование, употребата на дигитални алатки и користење на вештачката интелигеницијa во наставата. Исто така, акцент се стави и на професионалниот и кариерен развој на стручните соработници. По насоки дадени од страна на БРО, стручните соработници, во месец мај, следеа обука за „Професионален кариерен развој кај учениците“.

Раководен кадар во училиштето е Директор со ВСС Дејан Бунтески, а за успешна реализација на воспитно – образовниот процес во нашето училиште беа ангажирани 45 вработени лица и тоа: одделенски и предметни наставници, стручна служба и административно-технички кадар. За одреден број на предмети дополнуваат наставници од други училишта, а исто така поради помал број на часови наставници од нашето училиште дополнуваат во други училишта.

ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Согласно Годишната програма за работа на училиштето, формирани се секциите за слободните активности, а учениците ги избираат според своите способности, интереси и афинитети, и тоа:

- спортски клуб;
- спортска секција;
- литературно - рецитаторска и
- литературно - драмска секција.

Претставници од секциите учествуваат на најразлични конкурси, литературни читања, програми по повод државни празници на локално ниво и добиваат соодветни признанија. Особено треба да се напомене учеството на натпревари по наставните предмети: природни науки, биологогија и хемија.

датум	настан	ментор	ученици	одделение	награда
13.11.2025	интернационален натпревар „Дабар 2025“ -Здружение на информатичари во Македонија	Валентина Костоска	сите ученици од ПУ Алинци	I, III, IV и V	пофалница за учество
27.02.2026	општински натпревар по Природни науки -Македонското биолошко друштво	Валентина Костоска	Калина Трајкоска	IV	трето место и пласман на регионален натпревар
03.04.2026	регионалниот натпревар по Природни науки -Македонското биолошко друштво	Валентина Костоска	Калина Трајкоска	IV	трето место
10.12.2025	Конкурс за најдобра лична творба -Градска библиотека „Борка Телески“ - Прилеп	Филип Ристески	Милена Богоеска Борјан Дебрешлиоски Андреј Богоески Ања Ристеска Максим Богоески Валерија Манческа	VI VI VIII VI VI VI	прва награда втора награда трета награда учевство учевство учевство
15.2.2026	Конкурс по повод Денот на жената -Градска библиотека „Борка Телески“ - Прилеп	Филип Ристески	Милена Богоеска Борјан Дебрешлиоски Андреј Богоески	VI VI VIII	прва награда втора награда трета награда
27.2.2026	Натпревар повод 100 години од раѓањето на Волче Наумчески на тема: „Кој не сака пролет“ -„Зокум“	Филип Ристески	Милена Богоеска Борјан Дебрешлиоски Андреј Богоески	VI VI VIII	благодарница благодарница благодарница
5.5.2026	Конкурс по повод 5 Мај - ден на македонскиот јазик -СОУ „Ристе Ристески-Ричко“ - Прилеп	Филип Ристески	Милена Богоеска Борјан Дебрешлиоски Андреј Богоески	VI VI VIII	второ место учевство учевство
24.5.2026	литературен натпревар на	Филип Ристески	Милена Богоеска	VI	учевство

	тема: „Св.Кирил и Методиј“ - ООУ „Добре Јованоски“ - Прилеп		Андреј Богоески Борјан Дебрешлиоски	VI VIII	учевство учевство
14.03.2026	општински натпревар по англиски јазик -Здружението на наставници по англиски јазик ЕЛТАМ	Цветанка Кузманоска Рипилоска	Калија Дамческа Флора Ристеска Ања Ристеска	V VII VI	пофалници за учество трето место и пласман на регионален натпревар
18.04.2026	регионален натпревар по англиски јазик -Здружението на наставници по англиски јазик ЕЛТАМ	Цветанка Кузманоска Рипилоска	Ања Ристеска	VI	трето место
03.06.2026	натпревар „Плазма-детски игри“	Бобан Богданоски Јелена Мирческа	ПУ Беровци ПУ Галичани ПУ Ново Лагово	II и III	учество
27.10.2025	општински натпревар во футсал - Сојуз на училишен спорт	Илин Ѓеорѓиевски	Андреј Алексоски Кире Богоески Александар Тошевски	IX IX IX	учество
07.04.2026	спортски игри во мал фудбал -Сојуз на училишен спорт	Илин Ѓеорѓиевски	ученици од предметна настава	VI, VII, VIII и IX	учество
20.02.2026	општински наптревар по хемија -Сојуз на хемичари и технолози на Македонија	Христина Мојаноска	Андреј Мирчевски Евгенија Деркоска Марија Милошеска Ева Јандреска Изабела Дамческа	IX IX IX IX IX	II награда III награда III награда пофалница пофалница
16.04.2026	регионален натпревар по хемија -Сојуз на хемичари и технолози на Македонија	Христина Мојаноска	Марија Милошеска Андреј Мирчевски Евгенија Деркоска Ева Јандреска	IX IX IX IX	III награда пофалница пофалница пофалница
13.02.2026	општински натпревар по биологија	Билјана Талевска Беличанец	Стефани Милошеска Меланија Трајческа	VIII VIII	II награда III награда

	-Македонско Биолошко друштво		Бисера Иваноска Драгана Иваноска Мелани Трајкоска Марија Милошеска Изабела Дамческа Ева Јандреска Лара Маркоска	VII VII VII IX IX IX VIII	III награда III награда III награда II награда III награда пофалница III награда и пласман на регионален натпревар
27.03.2026	регионален натпревар по биологија -Македонско Биолошко друштво	Билјана Талевска Беличанец	Стефани Милошеска Меланија Трајческа Бисера Иваноска Драгана Иваноска Мелани Трајкоска Марија Милошеска Изабела Дамческа Ева Јандреска Лара Маркоска	VIII VIII VII VII VII IX IX IX VIII	III награда III награда III награда III награда III награда II награда III награда пофалница II место и пласман на државен натпревар
30.05.2026	државен натпревар по биологија -Македонско Биолошко друштво	Билјана Талевска Беличанец	Лара Маркоска	VIII	пофалница
27.02.2026	општински натпревар по природни науки -Македонско Биолошко друштво	Билјана Талевска Беличанец	Валерија Манческа Борјан Дебрешлиоски	VI VI	III награда III награда
03.04.2026	регионален натпревар по природни науки	Билјана Талевска Беличанец	Валерија Манческа Борјан Дебрешлиоски	VI VI	III награда III награда

	-Македонско Биолошко друштво				
27.02.2026	општински натпревар по природни науки -Македонско Биолошко друштво	Давор Конески	Анастасија Иваноска Марко Стефаноски Јаков Јосифоски	V V V	учевство учевство трето место и пласман на регионален натпревар
03.04.2026	регионален натпревар по природни науки -Македонско Биолошко друштво	Давор Конески	Јаков Јосифоски	V	трето место
28.02.2026	општински натпревар по географија -Здружение на професори по географија на Македонија	Давор Конески	Марија Милошеска Ева Јандреска	IX IX	трето место уверение за учевство
28.03.2026	регионален натпревар по географија	Давор Конески	Марија Милошеска	IX	пофалница
26.12.2025	Креативен конкурс: „Природата - инспирација за модна илустрација“ - СОУ „Ѓорче Петров“ - Прилеп	Давид Атанасоски	Ева Јандреска Ивана Митреска Андреа Митреска	IX VII IV	пофалница пофалница пофалница
30.01.2026	општински натпревар по математика - Сојуз на математичари на Македонија	Катерина Бошкоска	Лара Маркоска Стефани Милошеска	VIII VIII	учевство учевство
30.01.2026	општински натпревар по математика - Сојуз на математичари на Македонија	Каролина Подигачоска	Марко Стефаноски Јаков Јосифоски	V V	учевство учевство

Во училиштето беа одбележани сите значајни датуми преку вклучување на учениците во соодветни активности, читање реферати и реализирање на училишни приредби. Денот на училиштето беше одбележан со свечено положување на свежо цвеќе на бистата на народниот херој Круме Волнароски во с.Тополчани и свечена приредба. Во оваа учебна 2025/2026 година сите активности се презентираа на WEB и ФБ страната од училиштето со што се овозможи негово поголемо афирмирање.

Во однос на воннаставните активности (планирање, начин на реализација, постигнати резултаи и сл.) одговорните наставници (во VIII и IX одд.) водеа посебна „Педагошка евиденција за воннаставни активности“.

Во однос на вонучилишните активности (излети, екскурзии и други вонучилишни активности), по реализацијата на секоја од нив, стручните тимови (реализатори на истите) подготвуваа извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги. Поднесените извештаи за реализираните воннаставни активности беа разгледувани од страна на Наставничкиот совет и Советот на родители, а беа усвоени од страна на Училишниот одбор.


УСПЕХ, РЕДОВНОСТ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Учебна година	Среден успех за период од три години						
	IV	V	VI	VII	VIII	IX	**IV- IX**
2023/2024	4.48	4.25	4.33	4.25	3.45	3.99	4.26
2024/2025	3.74	4.46	3.95	3.51	4.18	3.68	3.98
2025/2026	4.39	4.59	4.08	4.13	4.24	4.34	4.30

Од табелата за средниот успех на учениците при ООУ „„Круме Волнроски“ - Тополчани може да се констатира дека на ниво на училиште за учебната 2025/2026 година е 4.30.

ТАБЕЛАРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДНИОТ УСПЕХ ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА ПО ПРЕДМЕТИ И ОДД.

Наставни предмети	IV	V	VI	VII	VIII	IX	Среден у. предмети
Македонски ј.	3,78	4,11	3,57	3,75	3,79	3,87	3,81
Математика	3,44	4,01	3,42	3,75	3,86	3,64	3,69
Англиски ј.	3,44	4,30	3,28	3,88	4,22	4,17	3,88
Германски ј.	/	/	3,59	3,57	3,72	3,81	3,67
Ликовно обр.	4,89	4,71	5,00	4,69	4,72	5,00	4,84
Музичко обр.	4,78	4,71	3,94	3,75	4,65	4,45	4,38
ТО и инф.	4,78	5,00	/	/	/	/	4,89
ТО и инф. - инфор.	/	/	4,71	5,00	/	/	4,86
ТО и инф. - тех. обр	/	/	4,71	5,00	/	/	4,86
Ист.и општество	4,11	4,31	/	/	/	/	4,21
Природни науки	4,11	4,31	3,42	/	/	/	3,95
Историја	/	/	/	3,69	3,86	4,09	3,88
Ист.и опш.-Историја	/	/	3,23	/	/	/	3,23
Ист. и опш.-Геогра.	/	/	3,75	/	/	/	3,75
Ист. и опш.-Гр. обра.	/	/	4,42	/	/	/	4,42
Географија	/	/	/	3,63	4,00	4,22	3,95
Граѓанско обр.	/	/	/	4,25	4,50	4,82	4,52
Биологија	/	/	/	3,75	4,15	4,34	4,08
Физика	/	/	/	3,82	3,79	3,93	3,85
Хемија	/	/	/	3,32	3,36	3,78	3,49
ФЗО	5,00	5,00	4,96	4,88	4,93	5,00	4,96
Иновации	/	/	/	/	/	5,00	5,00
Изборни предмети							
СИП 1– Сл. цр. вај.	5,00	/	/	/	/	/	5,00
СИП 2– Кр. идеи...	5,00	/	/	/	/	/	5,00
СИП1 - ОЖВ	/	5,00	/	/	/	/	5,00
СИП 2 - Оригами	/	5,00	/	/	/	/	5,00
СИП 1 - Заш. на ж.с.	/	/	4,67	/	/	/	4,67
СИП 2 - Раз. конф.	/	/	4,46	/	/	/	4,46
СИП 1 - Извидниш.	/	/	/	4,88	/	/	4,88
СИП 2 - Учам за ...	/	/	/	4,50	/	/	4,50
СИП 1 - Финан. обр.	/	/	/	/	5,00	/	5,00
СИП 2 - Инов. и пре.	/	/	/	/	5,00	/	5,00
Проекти од л.уметн.	/	/	/	/	/	5,00	5,00
Среден успех	4,39	4,59	4,08	4,13	4,24	4,34	4,30



ЗАЕДНИЦА НА УЧЕНИЦИ - УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Ученичката заедница ја сочинуваат сите ученици на паралелката која се формира на почетокот на учебната година. Од нив произлезе заедницата на учениците, како највисока форма на организирање и работење на учениците во училиштето. Задачите и активностите на ученичката заедница-ученичкиот парламент на ниво на училиштето се реализираше според предвидената Годишна програма за работа. Оваа година согласно Законот за основно образование конституиран е Ученичкиот парламент кој е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а составен е од претседателите на одделенските /класните заедници во нашето училиште. Врз основа на демократско партиципирање и активно вклучување на учениците во животот и работата на училиштето избран е и дете правобранител, а преставници на детскиот парламент учевствуваа на состаноци на Училишен одбор, Наставнички совет и Совет на родители, но без право на глас. Активностите на овие програми се во интеграција и тоа:

- Избор на председателство и усвојување на програмата за работа;
- Кодекс на однесувањето на учениците;
- Формирање на работни групи од учениците;
- Методички работилници со актуелни теми;
- Како до подобар успех, поголема дисциплина и редовност на часовите;
- Предавања и трибини;
- Свечано одбележување на приемот на првачињата во детската организација;
- Организирање на натпревари, еколошки акции и сл..

ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Грижата за здравјето на учениците беше еден од приоритетите на училиштето. На почетокот од учебната година, преку едукативни предавања реализирано во училиштето, но и истакнати на училишната WEB страна и FB профил на

училиштето, ги запозна учениците и родителите за активностите поврзани со темите за грижа за здравјето на учениците.

Училиштето даде целосна поддршка при организирањето на општи и стоматолошки прегледи за прво, трето, петто и седмо одделение во соработка со Медицинскиот центар, како и редовни вакцинации и ревакцинација, во соработка со Заводот за здравствена заштита согласно планот за почитување на мерките за заштита.

Од едукативната страна се реализираа предавања за лична хигиена, заразни болести (жолтица, туберколоза и сл.), бон-тон кај учениците, болестите од зависност и други акутни болести, како во одделенска, така и во предметна настава. Исто така, во текот на оваа учебна година се реализираа работилници кои се дел од Програмата за унапредување на менталното здравје, преку кои учениците стекнаа лични и социјални компетенции, како и компетенции за учење.

Од страна на Медицински центар се реализираа едукативни предавања online, за младата женска популација. Исто така, на часовите на одделенската заедница беа реализирани повеќе активности од областа на здравствено воспитување, едукација за заштита на социјално и ментално здравје, здрава храна и здрав живот. Сите спроведени активности имаат една заедничка цел - изградување на свеста на учениците за грижа и заштита од опасностите што произлегуваат од современиот начин на живеење.

СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Соработката со локалната средина се остварува во текот на целата учебна година преку директни и индивидуални контакти со наставниците, директорот и стручната служба, било тоа да е по покана од училиштето или на иницијатива од родителите. Во рамките на програмата реализирани се и задолжителните наставничко - родителски средби, индивидуални родителски средби, како и советување на родители од страна на стручната служба. Директорот на училиштето оствари средби со родителите и преку Советот на родители и Училишниот одбор, Локалната самоуправа – Прилеп, МОН, БРО, ДПИ и Центарот за социјална работа и медиумите од локално опкружување. Оваа учебна година училиштето оствари многу значајни средби со семејства кои припаѓаат во ранливи категории. На истите им се даде помош во храна, облека и парични средства.

РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА

Наставничкиот Совет е највисок стручен орган во училиштето и се грижи за целокупната воспитно-образовна работа. Сите наставнички совети се реализираа online преку апликацијата Microsoft Teams, почитувајќи го планот за работа, и за сите состаноци училиштето има видео записи. На состаноците од Наставничкиот совет најчесто се разгледуваа актуелни прашања и тоа:

- Снабденост со огревно дрво;
- Актуелни прашања – поврзани со педагошката документација;
- Снебденост со учебници;
- Извештај / анализи на успехот, редовноста и поведението;
- Реализација на наставниот материјал;
- Мислење за наставници – приравници;
- Реализација на дополнителната, додатната и слободните ученички активности;
- Следење на вебинари за далечинско учење.
- Следење на обуки кои ги зајакнаа професионалните компетенции кај наставниците и стручните соработници

Стручните активи во училиштето се формирани на почетокот на учебната година. Во училиштето постојат 2 стручни активи:

- актив во одделенска настава;
- актив од предметна настава.

Покрај изборот на раководство во активите се разгледуваа и актуелни теми:

- Размена на искуства и добивање на информации на учениците меѓу наставниците;
- Теми поврзани со подготовките и реализација на интегрирани часови и иновативни практики;

- Обуки за користење на алатки за учење од далечина (on-line) / платформа Настава.мк;
- Оценување, формирање на сумативната, описната оценка и изработка на електронско портфолио.

Индивидуалното, стручно усовршување го остварува секој наставник поединечно преку следење на стручна литература, интернет и посетување на обуки и вебинари.

Педагошката евиденција и документација се водеше уредно и одговорно од страна на наставниот кадар.

Успехот на учениците, наставниот кадар го следеше систематски, континуирано и објективно. Оценките јавно се формираат со учество на учениците, а нивните родители беа навремено информирани.

Активноста на директорот како раководен орган беше насочена кон организирање на севкупната работа на училиштето, со акцент на реализацијата на воспитно - образовната работа, како и обезбедување на најоптимални услови за непречено реализирање на истата.

Директорот на училиштето во целост ја реализираше својата годишна програма во подрачјата на своето работење и тоа: Водство (стратешко водство, училишни клима и култура, соработка со родители и заедницата), Раководење со човечки ресурси (комуникација и односи со јавноста, унапредување на меѓучовечките односи, професионален и кариерен развој, обезбедување на кадар, работно воведување и ангажирање), Педагошко раководење на училиштето (планирање, подршка на наставата и учењето, обезбедување на квалитетна евалуација на самоевалуацијата, Програма за развој (создавање на здрава и безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот), Финансиско раководење (раководење со финансиски ресурси и раководење со материјални ресурси) и водење грижа за Законско и административно раководење на училиштето (примена на законски и подзаконски акти, изработка и примена на интерни акти и документација, раководење со административни процеси и примена на информациските системи во училиштето).

Педагогот, социологот и раководителот на ППУ во целост ја реализираа својата годишна програма, активно се вклучија во организацијата на воспитно–образовниот процес, во изготвувањето на Годишната програма за работа на

училиштето, вршеа педагошки и дидактичко-методички консултации со наставниците за наставата, нејзино иновирање, унапредвање и вреднување. Потоа, задоа активно учевство во работата на стручните активи, работата на ученичката заедница-ученички парламент, водеа индивидуални разговори со ученици и родители, се вклучија во професионалната ориентација на деветтоодделенците, спроведоа упис на првачина и следење на нивниот развој. Со стручно – советодавна помош им беа поддршка на наставниците за работа со ученици со потешкотии во развојот како и при совладување на наставните содржини, примена на прописите при остварување на правата и должностите на учениците, напредување и изрекување на педагошки мерки, помош на наставниците во водење на ученичкото портфолио, следење на часови, помош на наставницте во изготвување на планирања како и следење на реализацијата на одделенскиот час, проектни активности, спречување на училишно насилство, редовно посетување на подрачните училишта, советување на родители согласно Законот за основно образование и слично.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И НАСОКИ

Како заклучни согледувања за животот и работата на ООУ Круме Волнароски - Тополчани за учебната 2025/2026 година, може да се констатираат следниве:

- Во училиштето беа обезбедени сите материјално-технички и хигиенски услови за непречено одвивање на наставата;
- Во целост се реализираа наставните програми по сите наставни предмети;
- Во целост се реализираа планирањата за дополнителна и додатна настава, како и слободните ученички активности;
- Наставничко - родителските средби и советувањата на родителите се реализираа тековно;
- Постигнувањата на учениците, редовноста и поведението уредно се следеа низ класификационите периоди, а утврдениот успех е во корелација и во континуитет со претходните учебни години;
- Сите субјекти, носители на воспитно - образовниот процес, работеа според изготвениот личен план за професионален развој и придонесуваа за успешна реализација на наставата;
- Реализирани се интерни обуки за користење на алатки за учење;

- Реализирани се обуки за наставници и стручни соработници организирани од страна на БРО и МОН;
- Педагошката евиденција и документација уредно се водеше во текот на учебната година. Целокупната евиденција и докуменатција уредно беше следена од директорот, стручните соработници и раководителот на ППУ.

ООУ Круме Волнароски - Тополчани, Прилеп и во идната учебна 2026/2027 година, ќе посвети големо внимание на инфрастуктурните зафати, професионалниот развој на наставниот кадар, како и набавка на нагледни средства и технички помагала кои се дел од стратешко - развојната цел на училиштето.

Јуни, 2026 година

Тополчани

МП

Потпис на директор:

/ Дејан Бунтески /

Потпис на претседател
на Училишен одбор:

/ Игор Мицкоски /